ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на XXXV-тата седница одржана на ден 3.11.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 години се именуваат:

1. ________________________________________, сметано од 18.3.2021 година;
2. ________________________________________, сметано од 3.4.2021 година;
3. ________________________________________, сметано од 4.4.2021 година;
4. ________________________________________, сметано од 17.3.2021 година;
5. ___________________________независен член, сметано од 18.3.2021 година.

### Член 2

Членовите на Надзорниот одбор избираат претседател на Надзорниот одбор од своите редови.

### Член 3

На членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје им се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор и тоа: 60.000 денари месечно за претседателот на Надзорниот одбор, а 45.000 денари месечно за членовите на Надзорниот одбор.

### Член 4

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваните членови на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, но по истекот на мандатите на 5-те именувани членови на Надзорниот одбор на Банката.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**

## О б р а з л о ж е н и е

**кон Предлог - одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор го сочинуваат 7 (седум) члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Во согласност со член 40 став 1 алинеја 8, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, членовите на Надзорниот одбор ги именува Собранието на акционери на Банката. Нивниот мандат трае 4 години сметано од денот на назначувањето и им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор.

Со Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-10895/1 од 31.10.2016 година донесена на седницата на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 31.10.2016 година, м-р Глигорие Гоговски и Борислав Трповски се именувани за членови, а проф. д-р Арсен Јаневски за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје. Во согласност со издадените претходни согласности за нивното именување од страна на Гувернерот на Народна банка на РСМ, мандатот на м-р Глигорие Гоговски и проф. д-р Арсен Јаневски трае до 17.3.2021 година, а на Борислав Трповски до 2.4.2021 година.

Со Одлука за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр.02-3270/9 од 30.3.2018 година донесена на седницата на Собранието акционери на Банката одржана на ден 30.03.2018 година, Златко Черепналкоски беше именуван за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје. Во согласност со издадената претходна согласност за негово именување од страна на Гувернерот на Народна банка на РСМ, мандатот на Златко Черепналковски трае до 25.6.2022 година.

Поради поднесена оставка на 5.3.2019 година од страна на членот на Надзорниот одбор на Банката Доне Таневски, со Одлука за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр.02-5475/2 од 3.7.2019 година донесена на седницата на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 3.7.2019 година, Трим Ќемали е именуван за член на Надзорниот одбор на Банката. Во согласност со издадената претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на РСМ, неговиот мандат трае до 16.3.2021 година.

Поради поднесена оставка заклучно со 30.6.2020 година од страна на членот на Надзорниот одбор на Баката проф. др Тито Беличанец, со Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр.02-4361/1 од 2.7.2020 година донесена на седницата на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 2.7.2020 година, Драгица Јовановска е именувана за член на Надзорниот одбор на Банката. Во согласност со издадената претходна согласност од страна на Гувернерот на Народна банка на РСМ, нејзиниот мандат трае до 3.4.2021 година.

Поради истекот на мандатот за кој е именуван независниот член на Надзорниот одбор на Банката проф. д-р Методија Несторовски, со Одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр.02-4361/1 од 2.7.2020 година донесена на седницата на Собранието на Банката одржана на ден 2.7.2020 година, проф. д-р Владо Камбовски е именуван за независен член на Надзорниот одбор

на Банката. Во согласност со издадената претходна согласност од страна на Гувернерот на Народна банка на РСМ, неговиот мандат трае 4 години сметано од 19.9.2020 година.

Имајќи ги предвид одредбите од член 57 став 5 од Законот за банките, одредбите од 40 став 1 алинеја 8, член 48 став 1, член 50 и член 51 став 1 од Статутот на Банката, времетраењето на мандатите на петте членови на Надзорниот одбор, како и тоа што мандатот на членот на Надзорен одбор на Банката Златко Черепналкоски трае до 25.6.2022 година и мандатот на независниот член на Надзорниот одбор проф. д-р Владо Камбовски трае до 19.9.2024 година, се предлага Собранието на акционери на Банката да изврши именување на пет членови на Надзорниот одбор на Банката, од кои најмалку еден независен, со мандат и определена награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор како во предложената Одлука.

Во согласност со член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат 5 % од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат на усвојување одлуки по секоја од точките што се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието.

Во согласност со член 390 став 6 од Законот за трговските друштва, барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото, во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за секој предложен член на Надзорниот одбор наведени во став 3 од истиот член, треба да им бидат достапни на акционерите најдоцна седум дена пред Собранието да пристапи кон избор.

**Скопје, 30.9.2020 година**

**Претседател на НО**

**м-р Глигорие Гоговски**

________________________

# М И С Л Е Њ Е

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор го сочинуваат 7 (седум) члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Имајќи ги предвид одредбите од член 57 став 5 од Законот за банките и мандатот на сегашните членови на Надзорен одбор, потребно е да се изврши именување пет члена на Надзорниот одбор на Банката.

Во согласност со член 388-б став 4 од Законот за трговските друштва, за точката за која нема предлог - одлука за донесување, потребно е овластен орган или тело на Банката да даде мислење кое ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог - одлуката за именување членови на Надзорниот одбор треба да се достави во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собрание.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да им се доставаат на акционерите најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на Собранието на акционери. Податоците за кандидатите ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Банката www.ttk.com.mk.

**Претседател на НО**

**м-р Глигорие Гоговски**

_______________________